**Година 2004, септември , број 31**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

---

## ПРВ СВЕЧЕН ЧАС

Во петок, први октомври во 12 часот со првиот свечен час ќе почне новата учебна година.

Да ги дочекаме и поздравиме како идни наши колеги.

## УПИС

На МФС во прва година во учебната 2004/2005 вкупно се запишаа 332 студенти. Од нив на академски студии се 261 студент, а на професионални студии 71 студент.

## ПОЧИТ

Проф. д-р Димче Кочмановски не напушти тивко како што ги извршуваше своите работни задачи. Колективот со почит ќе се сеќава на се што стори за Машинскиот факултет.

## ДААД СТИПЕНДИИ

ДААД нуди можност за стипендирање, студиски престој и истражувачка работа за студиската 2005/2006 година. Дополнителни информации и потребни формулар има на веб страната: www.daad.de/stipendien

## ГОСТИН ОД ЈАПОНИЈА

Во склоп на соработката на МФС и JICA (Japan International Cooperation Agency), во тек е изработката на проек-тот со наслов: "Flexible Model for Production Planning and Control in Small and Medium Enterprise of Metalworking Industry of R.M.". Како дел од таа соработка во три наврати по два месеци на МФС ќе престојува јапонскиот експерт од областа на планирањето и управувањето на производството, Toshitsugu NAKAI, постар истражувач на JDS (Japan Development Service Co., Ltd.) и советник во Japan Productivity Center for Socio-Economic Development. Неговиот 1 престој започна на 22.09, а домаќин и водител на проектот е проф. д-р Делчо Јованоски.

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА

На 15.09.2004 проф. д-р хаб. инж. Еугениуш Рушински, директор на Инсти-тутот за Конструкција и Експлотација на Машини, при Вроцлавската Политехника од Полска во салата за конференции одржа презентација на институтот.

# КОНФЕРЕНЦИЈА ВО ОХРИД



Во организација на Здружението за производно и индустриско инженерство, на 16 и 17 септември 2004 година во Охрид се одржа Конференција со меѓународно учество на тема:: "Производството и менаџментот во 21-от век". На конференцијата беа пријавени 217 трудови од 19 земји. На конференцијата беа разменети искуства од областа на современите производни техноглогии и менаџментот како и предуслови за иден економски и стопански развој.



## О Т С У С Т В А

1.Проф. д-р Татјана Кандикјан учествува со свој труд на меѓународната конференција во Берлин Германија, во период од 28.09 до 2.10.2004 година.

2.Доц. д-р Вртаноски Глигорче, како член на делегацијата од Р. Македонија, во период од 19 до 28.09.2004 зема учество во активностите за реализација на деловно-техничката соработка со Германија.

3.Проф. д-р Владимир Андоновиќ, на ден 16 и 17.09.2004 учествуваше со свој труд на симпозиумот IRMES 04, Крагуевац, СиЦГ.

4.Асс. д-р Ѓорѓи Аџиев, во рамки на активностите за релизација на Темпус проектот IB-JEP-16047-2001 оствари студиски престои во: Унгарија, на 2 и 3.09.2004 и Германија, од 12.09. до 30.09.2004.

5.Проф. д-р Ристо Цицонков, учествуваше на Меѓународниот саем за ладење и климатизација IKK 2004 кој се одржа во Нирнберг-Германија од 13.09. до 15.09.2004 година.

6.Проф. д-р Томислав Златановски, асс. м-р Ана Лазаревска и асс. м-р. Зоран Марков, учествуваа со трудови на Меѓународната конференција "Методи за решавање на парцијални диференцијални равенки", во Бугарија, од 7.09 до 10.09.2004.

7.Проф. д-р Константин Димитров, проф. д-р Славе Арменски и проф. д-р Миле Димитровски, од 15.08 до 25.08.2004 учествуваа на Меѓународниот симпозиум во Кина за развој на стратегии за користење на геотермална минерална вода.

8. Проф. д-р Милан Ќосевски, од 19 до 26.09 2004 реализира службено патување со следни активности:

- учество на конференција за развој на наставни програми со акцент на претприемништвото, во Сараево, Босна,
- посета на TUV во Минхен, Германија, каде што ќе се извршат консултации во врска со хомологацискиот процес.

9. Проф. д-р Драги Данев, од 22 до 26.09.2004 изврши посета на TUV во Минхен каде што изврши консултации во врска со хомологацискиот процес.

10.Проф. д-р Добре Рунчев, од 1.08 до 11.09.2004 реализира студиски престој на Техничкиот универзитет во Берлин, Германија.

11.Асс м-р Виктор Гаврилоски, оствари студиски студиски престој на Универзитетот во Илменау, Германија,во период од 28.08. до 10.09.2004 година.

12. Проф. д-р Душан Чакмаков, учествуваше со свој реферат на Меѓународен научен собир ICPR 2004, во Кембриџ, Англија, од 21 до 28.08.2004.

13. Проф. д-р Јован Гочев, од 18 до 28.09.2004 престојуваше во Кина, заради учество за прием на опрема за потребите на ХЕЦ Козјак.

14. Проф. д-р Александар Мојсовски и асс. м-р Филип Мојсовски, од 25.09 до 1.10.2004 реализираа студиски престој во фирмата Panex, во Франкфурт, Германија.

15. Пом. асс. м-р Роза Ацеска, од 19 до 31.07.2004 учествуваше со свој реферат на Меѓународен научен собир Њавелет Анд Мултифирацтал Аналсcис, во Каргес, Франција. Исто така од 19 до 30.09.2004 учествува на научниот собир - интезивен курс "Мултивариатe Сплинес анд Њавелет Аналусис", во Нови Сад, СиЦГ

## СПОРТ

Тимот на САС со тркачкото возило во текот на летово учествуваше на неколку трки од шампионатот во автомобилизам на Македонија и ги постигна следниве резултати:

- 10 место на кружната трка во Кичево одржана на 07.08.2004
- 9 место на ридската трка во Кочани Пониква одржана на 28 и 29.08. 2004
- 8 место на кружната трка во Кичево одржана на 11 и 12.09.2004
- и без пласман на ридската трка во Скопје, Водно одржана на 25 и 26.09.2004.

Следната трка е кружната трка во Скопје која се вози на 02.10.2004

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**30.09.2004**
**43 СЕДНИЦА НА ННС**

**01.10.2002**
**12 часот, Амфитеатар**

**СВЕЧЕН ПРВ ЧАС СО НОВИТЕ СТУДЕНТИ**

**28.10.2004**
**44 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

***ИНФОРМАТОРОТ ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ПОСЛЕДЕН ЧЕТВРТОК ВО МЕСЕЦОТ И ПО ПОТРЕБА.***

**Техничко уредување:**

*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*